*Број: 02 - ___________*
*________ 2017 година*
*С к о п ј е*

**ЗАПИСНИК**
**од CCXIX седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**
*одржана на 28 февруари 2017 година со почеток во 13.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство – претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член;*
- *М-р Ина Манчевска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Љубица Димитровска, раководител на одделението за сметководствени работи (делумно присутна);*
- *Александар Андоновски, претседател на централната пописна комисија на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Даниела Јовческа Ѓуровска, директор на секторот за правни работи (делумно присутна);*

- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателот на Управниот одбор, Ангел Митевски. На почетокот утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети. Потоа го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на завршната сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2016 година;*
2. *Разгледување на Извештајот од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на 31.12.2016 година, со предлог одлуки;*
3. *Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Известување за изменување и дополнување на предлогот од Комисијата за предлог- референтни цени на лекови со бр. 15-16911/2 од 15.11.2016;*
5. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*
   - *Барање од ПЗУ „Инсигма“ - Скопје*
   - *Барање од ПЗУ аптека „Еурофарм“ - Битола*
6. *Разно.*

*Потоа предложи точката 4 – Известување за изменување и дополнување на предлогот од Комисијата за предлог- референтни цени на лекови со бр. 15-16911/2 од 15.11.2016, да биде симната од дневниот ред и да се разгледува на следната седница за кога да биде подготвен извештај за околноста кај колку од лековите опфатени со предлогот би дошло до зголемување а кај колку до намалување на цената а со тоа и на учеството на осигурените лица.*

*Предлогот беше прифатен, со што за работата на CCXIX -та седница Управниот одбор едногласно усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на завршната сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2016 година;*
2. *Разгледување на Извештајот од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на 31.12.2016 година, со предлог одлуки;*

3. *Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*
    - *Барање од ПЗУ „Инсигма“ - Скопје*
    - *Барање од ПЗУ аптека „Еурофарм“ - Битола*
5. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Одлука за утврдување на завршната сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2016 година*

*Во врска со предлогот од оваа точка, Љубица Димитровска го изложи Извештајот за финансиското работење на Фондот по завршната сметка за 2016 година. Наведе дека е изготвен на основа податоците од сметководствената евиденција на Фондот и дека согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, завршната сметка се изготвува во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите донесени од министерот за финансии. Согласно член 29 на овој закон, завршната сметка треба да се достави до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија до крајот на месец февруари наредната година.*

*Потоа членовите на Управниот одбор дискутираа и поставуваа дополнителни прашања на кои Љубица Димитровска даваше одговори. По исцрпувањето на дискусијата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на завршната сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2016 година***

*ТОЧКА 2 - Разгледување на Извештајот од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на 31.12.2016 година, со предлог одлуки*

*Извештајот од извршениот попис го изложи претседателот на централната пописна комисија на Фондот Александар Андоновски. Наведе дека централната пописна комисија ја координираше работата на сите комисии за попис на подрачните служби, вршеше редовни консултации со комисиите, со цел навремено разгледување и усвојување на пописот од страна на Управниот одбор. Пописот на средствата се вршеше со мерење, пребројување, процена и оцена, во зависност од видовите на*

*средствата што се попишуваа на местата каде тие се наоѓаат во употреба или залиха. По извршениот физички попис се премина на вредносно пресметување на истиот. Комплетираните пописи со извештаи беа доставени до Централната пописна комисија во рокот утврден со Упатството за вршење на попис. Врз основа на извештаите од поединечните комисии за попис, централната пописна комисија изготвува извештај како збир на сите поединечни извештаи и пописни листи од сите комисии за попис, во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Потоа членовите дискутираа за одделни делови од извештајот при поставуваа и дополнителни прашања на кои одговори даваа претставниците на стручната служба на Фондот. На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно ги донесе следните одлуки*

***Одлука***
***за усвојување на Извештајот од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2016 година***

***Одлука***
***за отпис на побарувања и обврски***

***Одлука***
***за раскнижување на констатиран кусок на опрема и ситен инвентар***

*и*

***Одлука***
***за расходување на опрема и ситен инвентар***

*ТОЧКА 3 - Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Директорот Стефаноски наведе дека со донесувањето на новиот правилник за платите на вработените во ФЗОМ, се укажа потреба од утврдување на основ за плаќање на работата на членовите на V-та лекарска комисија во состав на Лекарската комисија на ПС Скопје. Оваа комисија е составена од вработени во Фондот и плаќањето за нејзината работа беше уредено со стариот правилник за платите на вработените. Со донесување на предложениот правилник, ќе се создаде правна основа за плаќање со донесување решение од страна на директорот на Фондот како што е тоа случај и со другите лекарски комисии составени од членови кои не се вработени во Фондот туку во здравствени установи.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

*Правилник*
***за изменување на Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 4 - Разгледување на барања упатени до Управниот одбор*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор ги разгледа барањата на ПЗУ „Инсигма" – Скопје и на ПЗУ аптека „Еурофарм" – Битола. По дискусијата за првото барање, побара од стручната служба на Фондот да изврши дополнителни проверки по што да се разгледа на следната седница. Во врска со второто барање, Управниот одбор се запозна со одговорот што веќе бил даден од стручната служба, бидејќи покрај до Управниот одбор, барањето било упатено и до стручната служба на Фондот.*

*Потоа, бидејќи не беа дадени предлози за разгледување во рамките на точката Разно, по разгледувањето на точката 4, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 14.30 часот заврши со работата на CCXIX -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Ангел Митевски***

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*